# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ


| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров излегува по потреба | 4 Декември 2025 година<br>Скопје<br>Бр.16 Год. XX |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

**Издавач:** **Општина Ѓорче Петров**
**ул.Ѓорче Петров бр.22**
**Уредува:** **Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот**
**тел.** **02/2039-307 ; 02/2039-308**
**фах.** **02/2033-309**


*Содржина:*


1. Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона самофинансирачки активности ........................................ стр.2
2. Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона Основен буџет ........................................стр.4


**Декември 2025 годин**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
**За објавување на Одлука за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година**

Се објавува одлуката за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона самофинансирачки активности, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Третата седница на советот, одржана на ден 04.12.2025 година.

**Број 02-2828/1**
**од 04.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 34 од Закон за буџети (Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21 и 3/25) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 3-тата седница одржана на 04.12.2025 година донесе:

## О Д Л У К А
## за измена со проширување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона самофинансирачки активности

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена со проширување на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона самофинансирачки активности, на следниот начин:

Се зголемуваат приходите на следната потставка

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **723116-надоместоци за оброци** | 0 | **500.000,00** | 0 | 0 | 0 |

И се распоредуваат на следната Потпрограма и потставка

| Потпрограма | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Н1- Основно образование | | | | | |

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **423410-прехрамбени продукти** | 0 | **500.000,00** | 0 | 0 | 0 |

### Член 2

Одлуката за измена со проширување на средствата влегува во сила со денот на донесување и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 02-2819/2**
**од 04.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

## РЕШЕНИЕ
## За објавување на Одлука за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година

Се објавува Одлуката за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона Основен буџет, што советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Третата седница на советот, одржана на ден 04.12.2025 година.

**Број 02-2828/2**
**од 04.12.2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02 и Сл.весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 33 став 2 од Закон за буџети (Службен весник на Република Македонија бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 151/21 и 3/25) и член 16 став 1 точка 2 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.8/23), советот на Општина Ѓорче Петров на 3-тата седница одржана на 04.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена на распоред на средства на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона Основен буџет**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоред на средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година во колона Основен буџет, на следниот начин:

Се намалуваат расходите на следната потставка

| Потпрограма | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е0-Општинска администрација** | | | | | |

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **401120-Основни плати државни службеници** | -900.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

И се распоредуваат на следната Потпрограма и потставка

| Потпрограма | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Е0-Општинска администрација** | | | | | |

| Потставка | Буџет | Самофинансирачки активности | дотации | донации | кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **402210-Основни придонеси за здравство** | +900.000,00 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Член 2

Одлуката за измена на распоред на средства на влегува во сила со денот на донесување и станува составен дел на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2025 година а ќе се објави во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 02-2819/3**
**од 04.12.2025 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Бранкица Дуковски с.р.**